# СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАСТАПУВАЊЕ

Полагањето на стручниот испит за вршење на застапување во царинските постапки се врши согласно Правилникот за програмата и содржината на посебниот стручен испит за вршење на застапување во цринските постапки и за определување на трошоците и надоместоците за спроведување на стручниот испит објавен во "Службен весник на Република Македонија" број 58 од 19 јули 2005 година.

Пријава за полагање на стручен испит може да поднесе секој кандидат - физичко лице кој по правило ги исполнува останатите услови за добивање на лиценца за вршење на работи на застапување согласно член 6 од Царинскиот закон "Службен весник на Република Македонија" број 39 од 30 мај 2005 година, односно:

- да има најмалку една година работно искуство од областа на царинското работење доколку има висока стручна подготовка од специјализиран факултет од област на царинското работење или
- да има најмалку две години работно искуство од областа на царинското работење доколку има средна стручна подготовка или друга висока стручна подготовка различна од специјализиран факултет од областа на царинското работење.

Изгледот на пријавата е даден во прилог на ова известување. Образецот на пријавата е објавен наинтернет страната на Царинската управа, а може да се добие и во Централната управа на Царинската управа - ул. Лазар Личеноски 13 - Скопје.

Кон пријавата за полагање на стручен испит се приложуваат следните документи:

- Копија од лична карта
- Доказ дека кандидатот го има потребното работно искуство (копија од договор за заснован работен однос и Копија на заверен образец М1/М2)
- Доказ дека кандидатот ја има потребната стручна подготовка (Копија на школско сведителство или диплома)
- Доказ за уплатен износ од 3.000,00 денари за надоместок за спроведување на стручен испит (Уплатница на образец ПП 50) - (начинот на пополнување на уплатницата е даден во прилог)
- Доказ дека кандидатот нема правосилна и извршна пресуда за сторено кривично дело од областа на економскиот или нелегалниот промет во изминатите две години (потврда за неосудуваност од надлежен суд)

Пријавата со потребните приложени документи се доставува до Централната управа на Царинската управа - ул. Лазар Личеноски 13 - Скопје. Пријавите ќе започне да се прифаќаат од 01.01.2006. Им се укажува на шпедитерските организаци дека е потребно да се планира пријавувањето на застапниците да биде сукцесивно бидејќи во случај на голем број на пријавени кандидати при вклучување во првите испитни рокови ќе се зема предвид и застапеноста и бројот на кандитати вработени кај поединечни застапници - правни лица.

Програмата и деталната содржина на стручниот испит како и термините за спроведување на стручниот испит и местото на полагање ќе бидат објавени и ќе бидат достапни:

- преку интернет страната на Царинската управа (www.customs.gov.mk)
- огласни табли во Царинарниците и Царинската управа

Термините за спроведување на стручен испит и местото на полагање ќе бидат објавени и во најмалку две јавни гласила.

За подготовка на стручниот испит кандидатите пред се треба да ги користат:

- Царинскиот закон "Сл. весник на Република Македонија" број 39/05,
- Уредбата за спроведување на царинскиот закон " Сл. весник на Република Македонија" број 39/05,
- Упатствата, Насоките и другите матерјали кои ги објавува Царинската управа во писмена форма или кои се објавени на интернет страната на Царинската Управа.

Стручниот испит за вршење на застапување во царинските работи се полага комисиски. Директорот на Царинската управа именува една или повеќе тричлени испитни комисии, кои се составени од тројца претставници на Царинската управа.

Стручниот испит се плога писмено и усмено. За време на писмениот дел од испитот кој трае 120 минути и се однесува на изготвување и употреба на единствената царинска декларација кандидатот може да се користи со сета потребна литература.

На усмениот испит дел од испитот кој кандидатот може да го полага само доколку успешно го положил писмениот дел од испитот кандидатот одговара на најмалку едно прашања од секоја тематска област предвидена со програмата и тоа:

1. царински дозволено постапување или употреба на стока и царински формалности,
2. царинска тарифа,
3. потекло на стока,
4. вредност на стока за царински потреби,
5. даноци и даночна политика,
6. нетарифни мерки и мерки на трговска политика,
7. транспорт и транспортно осигурување,
8. шпедитерско работење.

По потреба комисијата може да постави дополнително прашање од една или повеќе области со цел соодветно да се оформи оценката по поединечната тематска област. Вкупниот број на прашања по секоја поединечна тематска област по правило не треба да е повеќе од три прашања. За време на полагањето на усмениот испит кандидатот не може да користи дополнителна литература.

Комисијата утврдува дали се исполнети условите за полагање на стручниот испит, го проверува знаењето на кандидатите и издава потврда за положен стручен испит.

За време на полагањето на испитот за секој кандидат се води записник кој го потпишуваат претседателот на комисијата и нејзините членови.

Кандидатот кој на усмениот испит во најмногу две тематски области е оценет со оценка "неуспешно" може да полага поправен испит само во тие две области. Доколку кандидатот е оценет со оценка "неуспешно" за три или повеќе области на усмениот испит тогаш тој испитот го полага во целост. Поправниот испит од поедниечна област се полага во рок не пократок од 30 дена и не подолг од три месеци од денот на објавувањето на резултатите.

За успешно положен стручен испит комисијата издава потврдата која е дадена во прилог на ова известување.